**ПОВИК за новинари и фоторепортери за учество на работилница „Известување за заштита на правата на бегалците и лицата без државјанство“ по која ќе следи циклус на грантови**

Македонското здружение на млади правници во соработка со Високиот комесаријат за бегалци при Обединетите нации – УНХЦР објавува повик за учество во работилница „Известување за заштита на правата на бегалците и лицата без државјанство“, по која ќе следи доделување грантови на новинари и фоторепортери. Работилницата се организира со цел градење на капацитетите на медиумските работници на темите: заштита на бегалците и барателите на азил, нивна интеграција и искоренување на бездржавјанството во Република Северна Македонија. Крајната цел на Работилницата и грантовите е да го поддржат професионалното новинарство кое ги информира граѓани на темите за заштита на бегалците и барателите на азил, нивната интеграција, како и искоренувањето на бездржавјанството во Република Северна Македонија.

Овој повик за учество на работилница и доделување грантови се спроведува во рамки на проектот „Застапување и правна помош на лицата под мандатот на УНХЦР и спречување и намалување на бездржавјанството“.

Повикот е отворен за сите новинарии, фоторепортери, уредници и општо медиумски работници кои известуваат во Република Северна Македонија и создаваат видео прилози, пишани прилози (во печатени и медиуми на интернет), анимации, графички стории, фотостории и други визуелни форми на известување на дигитални медиуми.

Секој медиумски работник кој ќе земе учество на работилницата ќе добие можност да аплицира за грант во циклусот за доделување грантови. Сите детали околу циклусот за доделување грантови ќе бидат искомуницирани на работилницата.

**Детали во врска со Работилницата „Известување за заштита на правата на бегалците и лицата без државјанство“**

**Место и време**

Работилницата ќе се одржи на 04.11.2020 (среда), од 09:30 до 13:30 часот. На сите пријавени ќе им биде испратен линк од дигиталната платформа на која ќе биде одржана работилницата.

**Пријавување за учество на работилница**

Формуларите за пријавување се достапни за преземање на: www.myla.org.mk
Пополнетите формилари за пријавување на работилницата се доставуваат по електронски пат на: contact@myla.org.mk
Се продолжува рок за доставување : 01.11.2020 година до 23:59 часот.